ТТК БАНКА АД Скопје Бр.1

Бр. 02-2604/5

02-04-2026

Врз основа на член 483, 485 и 420 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 2.4.2026 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2025 година

### Член 1

Нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје по Годишната сметка за 2025 година, во износ од 90.000.277 денари, се распределува на:

1. Дел за резерви МКД 114.226

2.Дел за дивиденда во бруто-износ МКД 89.886.051

2. 1 Дел за распределба на дивиденда во акции на акционерите на Банката сразмерно на нивното учество во основната главнина на Банката, преку зголемување на основната главнина по пат на издавање нова емисија акции

МКД 41.913.000

2.2 Дел за исплата на дивиденда во пари на платежните сметки на акционерите

МКД 44.272.463

### Член 2

Расположливата добивка остварена од работењето на ТТК Банка АД Скопје за 2025 година ќе се употреби за исплата на дивиденда, дел во акции и дел во пари, на платежните сметки на акционерите, сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина на ТТК Банка АД Скопје.

### Член 3

Издадените акции од новата емисија ќе бидат регистрирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар на хартии од вредност по усвојувањето на одлуката од Собранието на акционери на Банката и добивањето одобрение/согласност од регулаторните тела.

Делот за исплата на дивиденда за 2025 година предвиден во точка 2.2 од член 1 од оваа одлука, што ќе се исплаќа во пари (на платежните сметки на акционерите), ќе биде исплатен по уписот на зголемувањето на основната

главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно по уписот на новата емисија акции во Централниот депозитар за хартии од вредност, а најдоцна до 30.9.2026 година.

**Член 4**

Датумот на евиденција според која се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 31.3.2026 година.

**Член 5**

Средствата наменети за дел од плата на членовите на Управниот одбор и на лицата со посебни права и одговорности по основ на деловна успешност, кои во Годишната сметка за 2025 година, во согласност со МСС 19, се вкалкулирани како трошок во износ од 4.345.868 денари, се распределуваат на дел за плата по основ на деловна успешност на Управниот одбор и на лицата со посебни права и одговорност.

Одборот за наградување со посебни одлуки утврдува начин на распределба на средствата од став 1 на овој член на поединечните членови на Управниот одбор и на лицата со посебни права и одговорности.

**Член 6**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката, по барање на надлежни институции, да врши соодветни измени и дополнувања на оваа одлука.

**Член 7**

Се овластува Управниот одбор на Банката да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА АД 1 Скопје

______________________________